**ПРИЛОГ 2**

# УПАТСТВО

# ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

## ГОДИШНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

## 1. ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОНБИЛАНСНИ СТАВКИ

### 1.1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во Извештајот за вонбилансни ставки се прикажуваат износите на одредени средства и обврски кои друштвата за осигурување ги водат вонбилансно. Овие позиции вклучуваат: нереализирани регресни побарувања, гаранции и други облици на емство, хартии од вредност и потенцијални хартии од вредност, вложувања, потенцијална добивка и други резултати. Во извештајот ставките се поделени на активни вонбилансни ставки и на пасивни вонбилансни ставки.

### 1.2. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ ПОЗИЦИИ ВО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВОНБИЛАНСНИ СТАВКИ

**Опис на хоризонталните позиции**

Хоризонтално се искажува состојбата на поединечните вонбилансни ставки на друштвата за осигурување за тековниот и за претходниот период.

**Опис на вертикалните позиции**

**Активни вонбилансни ставки** - претставува збир на износите искажани на позициите од 002 до 006.

**Пасивни вонбилансни ставки** - претставува збир на износите искажани на позициите од 008 до 013.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ВАЛУТНА УСОГЛАСЕНОСТ НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА)

### 2.1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во Извештајот за валутна усогласеност се искажува состојбата на средствата на друштвото за осигурување, распоредени во зависност од валутата во која друштвото за осигурување ги побарува средствата, односно ги должи обврските, како и нивната усогласеност/неусогласеност по валути.

### 2.2. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВАЛУТНА УСОГЛАСЕНОСТ НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА)

**Опис на хоризонталните позиции**

Хоризонтално се искажуваат поединечните позиции од Активата и Пасивата од Извештајот за финансиска состојба (Биланс на состојба) на друштвото во зависност од валутата во која друштвото ги

побарува средствата, односно должи обврските, и тоа во: македонски денари (МКД), во странска валута или валутна клаузула врзана за евро (ЕУР), странска валута или валутна клаузула врзана за долар (УСД), странска валута или валутна клаузула врзана за швајцарски франци (ЦХФ) или друга странска валута или валутна клаузула.

**Опис на вертикалните позиции**

Вертикално се пополнуваат поединечните позиции од Активата и Пасивата од Извештајот за финансиска состојба на друштвото на начин дефиниран во Упатството за пополнување на Финансиските извештаи на друштвото.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА РОЧНА УСОГЛАСЕНОСТ НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА)

### 3.1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во Извештајот за рочна усогласеност се искажува состојбата на средствата на друштвото за осигурување, распределени по периоди според договорената преостана рочност на средствата, односно обврските.

### 3.2. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РОЧНА УСОГЛАСЕНОСТ НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА)

**Опис на хоризонталните позиции**

Хоризонтално се искажуваат поединечните позиции од Активата и Пасивата од Извештајот за финансиска состојба (Биланс на состојба) на друштвото по периоди според договорената преостаната рочност на средствата (период до 1 година, од 1 до 3 години, од 3 до 5 години, од 5 до 10 години, од 10 до 15 години, од 15 до 20 години, како и 20 и повеќе години).

**Опис на вертикалните позиции**

Вертикално се пополнуваат поединечните позиции од Активата и Пасивата од Извештајот за финансиска состојба (Биланс на состојба) на друштвото на начин дефиниран во Упатството за пополнување на Финансиските извештаи на друштвото.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ ЛИЦА

### 1.1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во Извештајот за трансакции со поврзани лица се прикажуваат трансакциите во смисла на пренесување ресурси, услуги или обврски помеѓу друштвото за осигурување и со него поврзани страни согласно МСС 24 - Обелоденувања за поврзани страни. Во Извештајот посебно се искажуваат трансакциите кои друштвото ги остварило со неговото матично друштво, ентитетите кои имаат заедничка контрола или значително влијание врз друштвото, неговите подружници, сестринските подружници во рамки на групата, неговите придружени друштва, заеднички вложувања во кои друштвото е учесник во заедничкото вложување, клучниот раководен кадар и останатите поврзани лица.

## 4.2. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ ЛИЦА

**Опис на хоризонталните позиции**

На хоризонталните позиции се прикажуваат трансакциите кои друштвото за осигурување ги остварило со различните категории (типови) на поврзани лица (матично друштво, ентитети кои имаат заедничка контрола или значително влијание врз друштвото, неговите подружници, сестринските подружници во рамки на групата, неговите придружени ентитети, заеднички вложувања во кои ентитетот е учесник во заедничкото вложување, клучен раководен кадар и останатите поврзани лица).

**Опис на вертикалните позиции**

На вертикалните позиции се искажуваат износите на одредени трансакции со поврзаните лица распоредени по одделни средства и обврски, приходи и расходи.

## КВАРТАЛНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА

## 5.1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во Извештајот за приходи и расходи од вложувања се прикажуваат остварените приходи и расходи од вложувања, распоредени во зависност од изворот на средствата (вложувања од техничките резерви, од математичката резерва или од останатите средства кои не ја покриваат математичката и/или техничките резерви). Износите искажани на позициите вкупни приходи и вкупни расходи треба да одговараат со износите искажани на соодветните позиции во Извештајот за сеопфатна добивка (Биланс на успех).

## 5.2. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА

**Опис на хоризонталните позиции**

Хоризонтално се пополнуваат позициите на приходи и расходи од вложувања распоредени во соодветните колони во зависност од изворот на средствата (приходи и расходи остварени од вложувања од техничките резерви, од математичката резерва или од останатите средства кои не ја покриваат математичката и/или техничките резерви).

**Опис на вертикалните позиции**

Вертикално се пополнуваат поединечните позиции на Приходи, односно Расходи од вложувања од Извештајот за сеопфатна добивка на друштвото за осигурување на начин дефиниран во Упатството за пополнување на Финансиските извештаи на друштвото, распоредени по видови приходи, односно расходи (приходи од подружници, придружени друштва, заеднички контролирани ентитети, приходи од вложувања во земјиште и градежни објекти итн.).

## 6. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ (ЗАГУБИ) ОД ПРОДАЖБА - КАПИТАЛНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)

### 6.1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во Извештајот за реализирани добивки (загуби) од продажба - капитална добивка (загуба) се прикажуваат добивките, односно загубите остварени при продажба на одредени средства на друштвата за осигурување, класифицирани во портфолиото на инструменти расположливи за продажба, во портфолиото на инструменти чувани за тргување и земјиште и градежни објекти.

### 6.2. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ (ЗАГУБИ) ОД ПРОДАЖБА - КАПИТАЛНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)

**Опис на хоризонталните позиции**

**Назив** - претставува назив на средството со чија продажба друштвото за осигурување остварило капитална добивка, односно загуба.

**Класификација според МСФИ** - се внесува скратениот назив на соодветната група од Извештајот за финансиска состојба (Билансот на состојба), и тоа:

IP - Земјиште и градежни објекти

IG - Финансиски вложувања во друштва во група - подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитет

- HTM - Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување
- AFS - Финансиски вложувања расположливи за продажба
- HFT - Финансиски вложувања за тргување
- L/R - Депозити, заеми и останати пласмани

IO - Останати финансиски вложувања

- HTM - Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување
- AFS - Финансиски вложувања расположливи за продажба
- HFT - Финансиски вложувања за тргување
- L/R - Депозити, заеми и останати пласмани

IR - Финансиски вложувања кај кои осигуреникот го презема ризикот

C/E - Парични средства и останати парични еквиваленти

Во однос на овој извештај се дозволени класификациите AFS, HFT и IP.

**Број на хартии од вредност -** претставува број на хартии од вредност (должнички, сопственички) со чија продажба е остварена капитална добивка, односно загуба. Оваа позиција не се пополнува во однос на позицијата Земјиште и градежни објекти.

**Сметководствена вредност -** претставува износ по кој средството е евидентирано во деловните книги на друштвото за осигурување до датумот на продажба (отуѓување).

**Продажна вредност -** претставува износ којшто друштвото за осигурување го побарува или го наплатило при продажба на одредено средство.

**Реализирана добивка (загуба)** - претставува износ на добивка, односно загуба која друштвото за осигурување ја остварило со продажба на одредено средство. Истата претставува разлика меѓу продажната и сметководствена вредност на средството.

**Извор на средства** - претставува извор на средства од кои се извршени вложувањата, и тоа:

- ВТР се однесува на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви,
- ВМР се однесува на вложувањата на средствата кои ја покриваат математичката резерва,
- ВК се однесува на вложувањата на средствата кои не ја покриваат математичката и/или техничките резерви.

**Опис на вертикалните позиции**

На вертикалните позиции се искажува опис/износ согласно хоризонталните позиции, распоредени по одделни средства/инструменти (земјиште и градежни објекти кои служат за вршење дејност, земјиште и градежни објекти кои не служат за вршење дејност, акции, удели и останати сопственички инструменти во друштва во група - подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети, должнички хартии од вредност кои ги издале друштва во група -подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети итн.).

## 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ (ЗАГУБИ), СВЕДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИВНА ВРЕДНОСТ)

### 7.1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во Извештајот за вредносно усогласување (нереализирани добивки (загуби), сведување на објективна вредност се прикажуваат нереализираните добивки, односно загуби остварени со вредносно усогласување на средството класифицирано во портфолиото на инструменти расположливи за продажба и во портфолиото на инструменти чувани за тргување, како и вложувањата во земјиште и градежни објекти.

### 7.2. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ (ЗАГУБИ), СВЕДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИВНА ВРЕДНОСТ

**Опис на хоризонталните позиции**

**Назив** - претставува назив на средството со чие вредносно усогласување друштвото за осигурување утврдило нереализирана добивка, односно загуба.

**Класификација според МСФИ** - се внесува скратениот назив на соодветната група од Извештајот за финансиска состојба (Билансот на состојба), и тоа:

IP - Земјиште и градежни објекти

IG - Финансиски вложувања во друштва во група - подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети

- HTM - Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување
- AFS - Финансиски вложувања расположливи за продажба
- HFT - Финансиски вложувања за тргување
- L/R - Депозити, заеми и останати пласмани

IO - Останати финансиски вложувања

- HTM - Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување
- AFS - Финансиски вложувања расположливи за продажба
- IO- HFT - Финансиски вложувања за тргување
- L/R - Депозити, заеми и останати пласмани

IR - Финансиски вложувања кај кои осигуреникот го презема ризикот

C/E - Парични средства и останати парични еквиваленти

Во однос на овој извештај се дозволени класификациите HFT, AFS и IP.

**Метод на вреднување** - се внесува начинот на мерење/одредување на монетарните износи според кои се признаваат елементите на финансиските извештаи, во зависност од сметковоствениот третман на соодветното вложување. Примери: МСС 16 - трошковен модел/ модел на ревалоризација, МСС 40 - модел на објективна вредност/ модел на набавна вредност, МСС 39 - модел на објективна вредност/ модел на амортизирана набавна вредност по примена на метод на ЕКС и сл.

**Датум на последната процена** - се однесува на датумот на последната процена, односно вредносно усогласување на средството до неговата објективна (фер) вредност.

**Сметководствена вредност -** претставува износ по кој средството е евидентирано во деловните книги на друштвото за осигурување до датумот на неговата последна процена, односно вредносно усогласување.

**Објективна вредност на датумот на последната процена** - претставува износот за кој средството може да биде разменето, или обврската подмирена во трансакција под комерцијални услови, помеѓу страни доволно информирани и спремни своеволно да ја прифатат трансакцијата, на датумот на последната процена.

**Ефект од ревалоризација -** се однесува на ефектот кој произлегол од вредносно усогласување на финансискиот инструмент или материјалното средство, а се евидентира како зголемување или намалување на ревалоризационата резерва искажана во пасивата на Извештајот за финансиска состојба (Биланс на состојба). Се однесува исклучиво на финансиски инструменти класифицирани во портфолиото на финансиски инструменти расположливи за продажба и вложувања во земјиште и градежни објекти.

**Ревалоризациона резерва (состојба) -** ја претставува вкупната состојба на ревалоризационата резерва, односно сите ефекти кои произлегле од вредносно усогласување на финансиските вложувања класифицирани во портфолиото на финансиски инструменти расположливи за продажба и вложувањата во земјиште и градежни објекти.

**Вредносно усогласување (нереализирани добивки, сведуваое на објективна вредност) признаено директно во БУ -** се однесува на ефектот кој произлегол од вредносно усогласување на одредено средство, а се евидентира како зголемување, односно намалување на добивката/загубата во Извештајот за сеопфатна добивка (Биланс на успех). Се однесува исклучиво на финансиски инструменти класифицирани во портфолиото на финансиски инструменти чувани за тргување и земјиште и градежни објекти.

**Нето курсна разлика -** претставува нето курсна разлика.

**Амортизација на дисконтот/премијата кај финансиски инструменти со фиксен рок на доспеваое -** претставува амортизација на дисконтот/премијата кај финансиски интрументи со фиксен рок на доспевање.

**Извор на средства -** претставува извор на средства од кои се извршени вложувањата, и тоа:

- ВТР се однесува на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви,
- ВМР се однесува на вложувањата на средствата кои ја покриваат математичката резерва,
- ВК се однесува на вложувањата на средствата кои не ја покриваат математичката и/или техничките резерви.

**Опис на вертикалните позиции**

На вертикалните позиции се искажува опис/износ согласно хоризонталните позиции, распоредени по одделни средства/инструменти (земјиште и градежни објекти кои служат за вршење дејност, земјиште и градежни објекти кои не служат за вршење дејност, акции, удели и останати сопственички инструменти во друштва во група - подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети, должнички хартии од вредност кои ги издале друштва во група -подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети итн.).

## 8. ИЗВЕШТАЈ ЗА ВЛОЖУВАЊА КОИ НЕ ГИ ПОКРИВААТ ТЕХНИЧКИТЕ И/ИЛИ МАТЕМАТИЧКАТА РЕЗЕРВА

### 8.1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во Извештајот за вложувања кои не ги покриваат техничките и/или математичката резерва се прикажува локализацијата на сите вложувања на друштвото за осигурување кои не се сметаат за дозволени видови на вложувања на средства кои ја покриваат математичката и/или техничките резерви и кои не се веќе прикажани во соодветните обрасци ВТР и ВМР, во согласност со Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување.

## 8.2. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВЛОЖУВАЊА КОИ НЕ ГИ ПОКРИВААТ ТЕХНИЧКИТЕ И/ИЛИ МАТЕМАТИЧКАТА РЕЗЕРВА

**Опис на хоризонталните позиции**

На хоризонталните позиции се прикажуваат износите на вложувањата на друштвото поделени по видови вложувања согласно Образецот - Извештај за финансиска состојба (Биланс на состојба).

**Опис на вертикалните позиции**

На вертикалните позиции се прикажува износот на сегашна вредност на секоја поединечна група на вложувања искажана на хоризонталните позиции и нејзиното процентуално учество во капиталот на друштвото (износ прикажан на позицијата V од образецот за Пресметка на капиталот).

# 9. ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА

## 9.1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во Извештајот за структура на вложувањата се прикажува деталната структура и карактеристики на сите вложувања на друштвото за осигурување **(вложувања на средства кои ја покриваат математичката и/или техничките резерви и останати вложувања на средствата кои не ја покриваат математичката и/или техничките резерви).** Тоа се вложувања направени во согласност со Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување, прикажани во соодветните обрасци ВТР и ВМР, како и вложувања на **средствата кои не ја покриваат математичката и/или техничките резерви** на друштвото (од капиталот, односно сопствените средства), прикажани во соодветниот образец ВК.

Вложувањата искажани во овој извештај (по вредност и по типови инструменти) треба да соодветствуваат со вложувањата на друштвото искажани на позициите во Извештајот за финансиска состојба (Биланс на состојба) на друштвото.

Извештајот за структура на вложувањата не ја опфаќа структурата на недоспеаните побарувања на друштвото, иако истите како износ на недоспеани побарувања се сметаат за средства кои ги покриваат техничките/математичката резерва во согласност со член 4 став (2) од Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување.

## 9.2. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА

Во Извештајот се пополнуваат само полињата кои се релевантни за соодветниот тип на инструмент.

**Извор на средства -** претставува извор на средствата од кои се извршени вложувањата, и тоа:

- ВТР се однесува на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви. Вредноста на вложувањата прикажани во образецот СВл во делот на вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви треба да одговара на вредноста на вложувањата прикажани во образецот ВТР намален за вредноста на побарувањата кои се составен дел на

позицијата І26 од образецот ВТР;

- ВМР се однесува на вложувањата на средствата кои ја покриваат математичката резерва. Вредноста на вложувањата прикажани во образецот СВл во делот на вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва треба да одговара на вредноста на вложувањата прикажани во образецот ВМР намален за вредноста на побарувањата кои се составен дел на позицијата І26 од образецот ВМР; и

- ВК се однесува на вложувањата на средствата кои не ја покриваат математичката и/или техничките резерви. Вредноста на вложувањата прикажани во образецот СВл во делот на вложувања на средствата кои не ја покриваат математичката и/или техничките резерви треба да одговара на вредноста на вложувањата прикажани во образецот ВК.

**Број на позиција во БС -** се внесува бројот на позицијата од Извештајот за финансиска состојба-Билансот на состојба (БС) на друштвото на која е евидентирано вложувањето.

**Тип на вложување и поттип на вложување -** претставува тип и поттип на вложувањето согласно следната табела:

**Табела: Тип и поттип на инструмент/ вид на вложување**

| **Тип на инструмент/ вид на вложување** | **Поттип на инструмент/ вид на вложување** |
|---|---|
| I. Сопственички хартии од вредност | 1. Обични акции<br>2. Приоритетни акции<br>3. Акции на затворени инвестициски фондови |
| II. Должнички хартии од вредност | 1. Записи<br>2. Обврзници<br>3. Конвертибилни обврзници |
| III. Удели | 1. Отворени ИФ<br>2. Приватни ИФ<br>3. Удели во трговски друштва |
| IV. Пари и парични средства | 1. Парични средства во благајна<br>2. Средства на банкарски сметки |
| V. Депозити во банки | 1. Депозити по видување<br>2. Орочени депозити |
| VI. Недвижности | 1. Земјиште за вршење на дејноста<br>2. Градежни објекти за вршење на дејноста<br>3. Земјиште кое не е за вршење на дејноста<br>4. Градежни објекти кои не се вршење на дејноста |
| VII. Заеми и аванси | 1. Заеми<br>2. Аванси (полиси за живот) |
| VIII. Останато | |

**Гаранција -** се внесува називот на издавачот на гаранцијата за вложувањето.

**Назив на издавачот (договорувачот) -** се внесува називот на издавачот на хартиите од вредност, уделот, банката во која се пласирани средства, корисникот на заем или аванс, односно опис на недвижниот имот (катастарска парцела, број на имотен лист).

**Сектор/потсектор на издавачот (договорувачот) -** се внесува назив на секторот/потсекторот согласно дефинициите уредени во Правилникот за контен план на друштвата за осигурување и реосигурување, и тоа:

Нефинансиски друштва / Приватни
Нефинански друштва /Јавни
Држава /Централна влада
Држава /Локална самоуправа
Финансиски друштва /Централна банка
Финансиски друштва /Банки
Финансиски друштва /Инвестициски фондови
Финансиски друштва /Останати

**ISIN код на ХВ/ назив на фонд** - се внесува ISIN (International Securities Identification Number) на хартијата од вредност или називот на фондот.

**Ознака** - се внесува ознаката на хартиите од вредност од Централниот депозитар за хартии од вредност на домашниот пазар, односно од депозитарната институција во странство; сметка во банка (трансакциска или девизна), број на договор за депозит; договор за заем или аванс, имотен лист.

**Количина** - се внесува број на хартии од вредност/удели.

**Класификација според МСФИ** - се внесува скратениот назив на соодветната група од Извештајот за финансиска состојба (Билансот на состојба), и тоа:

IP - Земјиште и градежни објекти
IG - Финансиски вложувања во друштва во група - подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети

- IG- HTM - Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување
- IG- AFS - Финансиски вложувања расположливи за продажба
- IG- HFT - Финансиски вложувања за тргување
- IG- L/R - Депозити, заеми и останати пласмани

IO - Останати финансиски вложувања

- IO- HTM - Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување
- IO- AFS - Финансиски вложувања расположливи за продажба
- IO- HFT - Финансиски вложувања за тргување
- IO- L/R - Депозити, заеми и останати пласмани

IR - Финансиски вложувања кај кои осигуреникот го презема ризикот
C/E - Парични средства и останати парични еквиваленти

**Метод на вреднување -** се внесува начинот на мерење/одредување на монетарните износи според кои се признаваат елементите на финансиските извештаи, во зависност од сметковостениот третман на соодветното вложување. Примери: МСС 16 - трошочен модел/ модел на ревалоризација, МСС 40 - модел на објективна вредност/ модел на набавна вредност, МСС 39 - модел на објективна вредност/ модел на амортизирана набавна вредност по примена на метод на ЕКС и сл.

**Земја на издавачот (договорувач) -** се внесува ISO 3166 код на земјата на издавачот (договорувач)

**Земја на тргување** -се внесува ISO 3166 код на земјата каде што е купен инструментот.

**Регулиран пазар на тргување** - се внесува назив на регулираниот пазар (берза, пазари преку шалтер или мултилатерална трговска платформа (МТП)) каде што е купен инструментот.

**Извор на вреднувањето** - се внесува изворот на податокот за вреднување (пр., метод на ефективна каматна стапка, име на берза, друштво за управување со инвестициски фондови и сл.).

**Набавна вредност** - се внесува набавната вредност.

**Акумулирана камата** -се внесува каматата од почетокот на купонскиот период во кој се врши тргувањето до датумот на извештајот.

**Амортизиран трошок** - се внесува износот на амортизиран трошок.

**Објективна вредност** - се внесува објективната (фер) вредност на вложувањето на датумот на Извештајот.

**Сметководствена вредност** - се внесува сметководствената вредност на вложувањето која соодветствува со позицијата искажана во Извештајот за финансиска состојба (Биланс на состојба) на друштвото на датумот на извештајот.

**Сметководствена вредност во оригинална валута** - се внесува сметководствената вредност во оригинална вредност по среден курс на НБРМ.

**Валута** - се внесува ISO 4217 код на валутата.

**Тип на купон** - се внесува типот на купон, и тоа фиксен/ флуктуирачки.

**Фреквентност на купонот** - се внесува фрекфентност на купонот, и тоа 1 (годишен), 2 (полугодишен), 4 (квартален) или 12 (месечен).

**Каматна стапка** - се внесува номинална каматна стапка (пр., износ на каматната стапка или начинот на формирање на каматната стапка LIBOR, EURIBOR плус додаток).

**Ефективна каматна стапка/принос** - се внесува ефективната каматна стапка на годишно ниво, односно приносот кој се остварува од вложувањето со 4 децимални позиции.

**Датум на инвестицијата** - се внесува датумот на кој е извршено вложувањето на средствата/порамнувањето. Овој датум се однесува на последниот датум на кој е извршено вложувањето на средствата/порамнувањето. Во случај кога во извештајниот период има повеќе настани, деталите се даваат како дополнителна забелешка.

**Датум на доспевање** - се внесува датумот на доспевање на должничките инструменти/ крај на договорниот однос.

**Рејтинг** - се внесува рејтингот на издавачот/договорувачот.

**Рејтинг агенција** - се внесува рејтинг агенцијата на издавачот/договорувачот.